Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и точка 12 од Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 88/21 и 102/22), гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**УПАТСТВО**
**за изменување на Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки**

**(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.77/23)**

1. Во Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/20 и 112/21), во точката 6 став 2, алинеите 2 и 3 се менуваат и гласат:

„ - максималната вредност на петтата поткатегорија претставува збир на сумарната оцена на банката со највисока системска значајност на 31 декември 2022 година (2.547 базични поена) и една стандардна девијација од сумарните оцени на идентификуваните системски значајни банки (706 базични поени);

- интервалите за секоја поткатегорија на системска значајност се определуваат така што разликата помеѓу максималната вредност од алинејата 2 од овој став (3.253 базични поени) и минималната вредност од алинејата 1 од овој став (350 базични поени) се дели со 4 и оваа вредност (726 базични поени) ѝ се додава на долната граница на секоја поткатегорија на системска значајност."

Ставот 3 се менува и гласи:
„Овие пресметки се однесуваат на податоците со состојба на 31 декември 2022 година, при што границите на поткатегориите на системска значајност се фиксни најдоцна до пресметката со состојба на 31 декември 2024 година."

2. Прилогот бр. 2 Заштитен слој на капиталот за секоја поткатегорија на системска значајност се заменува со нов прилог бр. 2 којшто е составен дел на ова упатство.

3. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**У бр. 02-10519/1**
**20 март 2023 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

**Прилог бр. 2**

**Заштитен слој на капиталот за секоја поткатегорија на системска значајност**

| Поткатегорија на системска значајност | Интервали | Заштитен слој на капиталот за системски значајни банки |
|---|---|---|
| 5 | над 3.253 | 3,5% |
| 4 | над 2.527 до 3.253 | 2,5% |
| 3 | над 1.802 до 2.527 | 2,0% |
| 2 | над 1.076 до 1.802 | 1,5% |
| 1 | 350 до 1.076 | 1,0% |